Мирјанка Алексевска

# **ВОДИЧ** ЗА ПРИМЕНА НА **ЗАКОНОТ** ЗА **ВОЛОНТЕРСТВО**







Мирјанка Алексевска

# **ВОДИЧ** ЗА **ПРИМЕНА** НА ЗАКОНОТ ЗА **ВОЛОНТЕРСТВО**











**Издавач**
**Европски центар за непрофитно право,**
**European Center for Not-for-Profit Law (ECNL)**
Apaczai Csere Janos u.17, 1st floor
Budapest 1052, Hungary
phone: (+361) 318 6923 / 483 1774
fax: (+361) 266 1479
**www.ecnl.org**

**Центар за институционален развој (ЦИРа)**
ул. „Диме Аницин" 9, 1000 Скопје, Македонија
tel: 02/3114-855;
faks: 02/3214-132
**e-mail: cira@cira.org.mk**
**www.cira.org.mk**

**Автор**: Мирјанка Алексевска

**Лектура**: Даниел Медароски

**Графички дизајн**: Кома лаб.

**Илустрации**: Филип Трајковски

Скопје, 2008 година

**Тираж:** 1000

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

316.354-056.87:340.13(497.7)

АЛЕКСЕВСКА, Мирјанка
Водич за примена на законот за волонтерство / Мирјанка Алексевска. - Скопје : Центар за институционален развој - ЦИРа, 2008. - 20 стр. : илуст. ; 20X20 см

ISBN 978-9989-2736-4-3

а) Волонтерство - Законодавство - Македонија - Водичи

COBISS.MK-ID 72021002

**Copyright © 2008 Европски центар за непрофитно право** *(European Center for Not-for-Profit Law* **- ECNL), Будимпешта.** Сите права се задржани.

**CIVIL SOCIETY STRENGTHENING PROJECT**
In partnership with the Center for Institutional Development (CIRa),
European Center for Not-for-Profit Law (ECNL) and Macedonian Institute for Media (MIM)

Оваа публикација беше овозможена со поддршка од Институт за трајни заедници (ИТЗ) преку фондови на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата што се овде изразени му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Институтот за трајни заедници (ИТЗ), на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) на Европскиот центар за непрофитно право ЕЦНЛ (ECNL) или на Центарот за институционален развој (ЦИРа). Исто така, спомнувањето трговски марки или комерцијални производи не претставува поддршка или препорака за користење.



## *Почитувани читатели,*

Собранието на Република Македонија на 2 јули 2007 година го донесе Законот за волонтерство и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2007. Донесени се и подзаконските акти со кои се доуредуваат прашањата од Законот, и тоа:

- Правилник за формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците („Службен весник на РМ" бр. 128/2007);
- Правилник за начинот, постапката и евиденцијата за издавање согласност за волонтирање на странски лица во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 128/2007); и
- Правилник за водење на евиденцијата на волонтерската работа („Службен весник на РМ" бр. 128/2007).

Законот е подготвен во пошироко партнерство помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Одделението за соработка со невладиниот сектор при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за млади и спорт, Европскиот центар за непрофитно право ЕЦНЛ (ECNL) од Будимпешта, Центарот за институционален развој (ЦИРа), Младинскиот културен центар во Битола (МКЦ), Граѓанската асоцијација МОСТ, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ) и бројни други здруженија и фондации. Вклучувањето на повеќе субјекти овозможи во Законот да се вградат одредби кои ги изразуваат интересите на сите засегнати страни од една страна и обезбедување на неговата функционалност, од друга страна.

Имајќи предвид дека постоеја неколку иницијативи, пред сè од здруженија на граѓани и од фондациите за правното уредување на волонтерството, во текот на подготовката на Законот се организираа и работилници на кои здруженијата и фондациите имаа можност да учествуваат во дефинирањето на одредбите од Законот.

Со донесувањето на Законот за волонтерство се обезбеди правно уредување на волонтерството, се обезбеди соодветна примена на другите законски прописи, се надминаа пречките и се создадоа услови за поттикнување на волонтерството, а и многу битно е тоа што волонтерскиот труд ќе биде препознатлив за лицата кои сакаат да волонтираат и за пошироката заедница. Покрај тоа, со донесувањето на Законот, Владата на Република Македонија ја исполни преземената обврска за полноправно членство во ЕУ, во одговорот на прашалникот на Европската комисија.

Подготовката на овој водич има за цел на сегашните и на идните волонтери и организатори на волонтерската активност да им ја објасни содржината на Законот, да се даде одговор на најчесто поставуваните прашања во врска со досегашната примена на Законот, разјаснувања на одредени дилеми, а со тоа да се помогне во спроведувањето на Законот и тој да го поттикне и препознае волонтерството во Република Македонија.

МИРЈАНКА АЛЕКСЕВСКА

## ШТО СОДРЖИ **ЗАКОНОТ** ЗА **ВОЛОНТЕРСТВО?**

*Со Законот за волонтерство се уредени организираните форми на волонтерство, при што:*

- *дефиниран е поимот на волонтерство;*
- *уреден е начинот на вршење на волонтерството, поконкретно се утврдени правата и обврските на волонтерите и организаторите на волонтерската активност;*
- *дефинирани се елементите и содржината на договорот за волонтерство;*
- *пропишана е обврската за водење евиденција на волонтирањето и обврската за издавање волонтерска книшка; и*
- *пропишани се прекршочни одредби за одговорните лица кај организаторот и волонтерот за непочитување на одредбите од Законот и сл.*

## ШТО Е **ВОЛОНТЕРСТВО?**

*Вака дефинираната законска одредба на поимот ги опфаќа трите клучни принципи на кои се основа волонтерството, и тоа: принципот на доброволност, принципот на дејствување во корист на други лица (а не за себе) и принципот на ангажман без финансиски надомест.*

*Имено, согласно со вака утврдената законска одредба значи дека волонтерството е доброволна активност врз основа на слободно изразена желба на физички лица да даваат услуги, да вршат одредена активност без каков било вид паричен или друг вид надомест за вложениот труд. Ова одредено лице-волонтер, на доброволна основа без каква било законска обврска, кое има одредени знаења и вештини, може да му помогне на друго лице, да помогне на група граѓани, на организација, на институција (пр. држење семинари за одделни теми за кои постои интерес, помош на стари лица во домови или болни, деца без родители, помош на болни згрижени во здравствени установи, држење часови за компјутери или англиски јазик во рамките на програми на граѓански организации, помош во училишта или градинки, помош на одредени институции при организирање одделни манифестации, како што се семинари или работилници, акција за заштита на животната средина и околина и сл.).*

## ВОЛОНТЕРСТВО...

**ВОЛОНТЕРСТВО** е доброволно давање лични услуги, знаења и вештини, или вршење други активности во корист на други лица, органи или организации и институции, без надомест (член 3, став 1).

*Волонтерството не е активност која се обврзува со закон, туку се темели на приципот на доброволност. Принципот на доброволност ја прави оваа активност различна од приправниците, од пробната работа и од стажантите за кои постои законска обврска. Приправникот за време на приправничкиот стаж склучува договор за вработување. Доколку волонтерскиот стаж е услов за полагање стручен испит или за самостојно вршење дејност, во тој случај се применуваат одредбите за приправник (член 61 од Законот за работните односи), а не одредбите од овој закон.*

*Уредувањето на прашањето на волонтерството не го ограничува временскиот период за вршење на волонтерската активност. Ова значи дека Законот дава можност едно лице да волонтира подолг временски период, на различни места, а наедно и слободно да ги дефинираат условите во договорот за волонтирање, како и за престанок на волонтирањето.*

*Со Законот не се ограничува можноста за волонтирање од случајна природа (пр., помош во случај на поплава, пожар, собирање храна и сл.).*

*Волонтирањето треба да се врши без каков било вид надомест или добивка, со исклучок на трошоците кои може да се надоместат, во врска со храната, превозот до и од местото на волонтирање, трошоците за службени патувања и трошоците за обука. Ова значи дека волонтирањето може да биде и без надомест на трошоците за храна и превоз, под услов двете страни да се договорат.*

**ВОЛОНТЕР** е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации или институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка (член 4). Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице (член 5, став 1).

## КОЈ **МОЖЕ** ДА **БИДЕ ВОЛОНТЕР?**

Секое физичко лице, без ралика на возраста, полот или религиската припадност, може да волонтира, волонтирањето е на доброволна основа и без финансиски или каков било вид надомест.
Волонтер не може да биде правно лице.

Волонтерот има можност на доброволна основа да избира и одлучува за тоа дали ќе волонтира, врз основа на слободен избор ќе дава услуги и ќе им помага на органи и институции кои не создаваат профит и добивка. Сето тоа ќе го врши без финансиски надомест или каков било вид материјална добивка. Со Законот само се предвидени институциите и органите каде може да се волонтира, а не се ограничени видовите услуги и активности.

Законот дава можност и малолетно лице да може да волонтира, но исклучиво со писмена согласност на неговите родители или старатели (член 5, став 2).

## **УСЛОВИ** И **МОЖНОСТИ** ЗА **ВОЛОНТИРАЊЕ** НА СТРАНСКИ ЛИЦА

Странско лице може да волонтира во Република Македонија, врз основа на претходно обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика и со регулиран престој во Република Македонија (член 8, став 1).

Организаторот е должен во рок од 60 дена од денот на издавањето согласност да го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето на странското лице (член 8 став 2).

*Начинот и постапката, како и евиденцијата за издавање на согласноста за волонтирање на странски лица, поконкретно се пропишани со Правилникот за начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласноста за волонтирање на странско лице во Република Македонија.*

*Секое странско лице кое сака да волонтира во Република Македонија најпрво треба да има обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика. Согласноста се издава врз основа на барање од страна на организаторот на волонтерската активност (член 2 од Правилникот).*

*Кон барањето, организаторот на волонтерската активност, до Министерството за труд и социјална политика, треба да ја достави и следнава документација:*

- *договор за волонтирање;*
- *програма за волонтирање;*
- *документ, со кој се докажува идентитетот на странецот;*
- *изјава дека не е казнуван за прекршок;*
- *копија од уписот во Централниот регистар на Република Македонија, односно надлежниот суд на организаторот на волонтерската активност;*
- *висината и начинот на покривање на патните трошоци и трошоците за престој на волонтерот.*

*При поднесување на барањето за волонтирање, лицата кои претходно волонтирале во Република Македонија треба да доставаат и известување за претходните волонтерски активности (член 4 од Правилникот).*



*Во рок од 60 дена од издавањето на волонтерската согласност, организаторот на волонтерската активност треба да го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето (член 8, став 2 од Законот). Ова значи дека доколку во овој рок не се достави известувањето за почетокот на волонтирањето, согласноста не е реализирана и странското лице ќе се избрише од евиденцијата за издадена согласност.*

*По обезбедувањето на согласноста, а заради регулирање на престојот во РМ по основа на волонтерство, странското лице-волонтер треба да поднесе барање до дипломатско-конзуларното претставништво на РМ во странство во државата чиј државјанин е или во земјата каде што претстојува тој. Кон барањето кое се доставува до дипломатско-конзуларното претставништво, странското лице треба да приложи и договор за волонтирање. Дозволата за престој по основа на волонтирање ја издава Министерството за внатрешни работи.*

**Имајќи предвид дека една од целите на Законот беше да го промовира волонтерството како општественокорисна активност од чии резултати полза има пошироката заедница, во поглед на дефинирање на организаторите на волонтерската активност, запазени се принципите на непрофитност, т.е. недистрибуцијата на профит и јавниот интерес. Во таа насока и Законот предвидува и даночни олеснувања на дел од трошоците поврзани со волонтирањето кои вообичаено се воведуваат како поддршка на активности од непрофитен и јавнокорисен карактер. Се**

## КОЈ МОЖЕ ДА **БИДЕ ОРГАНИЗАТОР** НА **ВОЛОНТЕРСКА АКТИВНОСТ?**

Согласно членот 6, организатор на волонтерска активност може да биде:

- здружение на граѓани или фондација;
- верска зедница и религиозна група;
- јавна установа;
- органите на државната власт.

Организаторот на волонтерската активност ја утврдува потребата од ангажирање волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на програма за волонтирање (член 6, став 2).

*Со законот точно се дефинирани субјектите кај кои може да се волонтира, а тоа се само правни лица од непрофитен карактер и од јавна корист кои не создаваат профит или добивка. Законот не пропишува можност за волонтирање кај стопанските субјекти и јавните претпријатија.*

*Организаторот на волонтерската активност задолжително треба да има подготвено програма за волонтирање и во истата треба да се предвиди за кои активности се планира и постои можноста да се*

*ангажираат волонтери, односно да се дефинира видот на услугите кои се сака да се добијат од волонтерите (пр. помош на одредена група или лица - стари, деца, помош при обезбедување здравствена заштита, држење часови за компјутери и математика, предавања за одредени болести или часови за одредени активности во градинки, некои хуманитарни активности, заштита на животната средина) или во рамките на кој проект ќе се ангажираат волонтери и начинот и постапката за обезбедување на волонтерите (пр. преку средства за информирање, доставување барање до одредени институции - факултети или невладини организации) и др. Во Водичот се споменати само неколку видови волонтерски услуги, а во праксата постојат многу повеќе.*

*Потоа, во зависност од условите и можностите на организаторот на волонтерската активност во однос на просторот и средствата, како и од видот на активностите, организаторот би било добро во програмата да го утврди и бројот на лицата кои би можеле да волонтираат.*

*Законот не пропишува што треба да содржи програмата и остава тоа секоја организација сама да го одреди. Но, овој документ ќе биде од исклучителна важност за организаторот при инспекциска контрола да потврди дека лицата кои се ангажирани волонтираат, а не вршат работа, односно не заменуваат испразнето работно место (член 17). Поради тоа, се препорачува програмата да биде подетално утврдена.*

**сметаше дека волонтирањето кое е на доброволна основа и без надомест не треба да им даде придонес на стопанските субјекти за зголемување на нивниот доход и добивка, а без вложениот труд да добие одредена вредност, односно да се плати. Волонтерството треба да претставува активност од интерес за граѓаните и за државата, која треба да придонесе за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот. Од тие причини и со Законот е ограничена можноста за волонтирање во стопански субјекти кои вршат стопанска дејност и создаваат доход и добивка.**



**Бидејќи Законот не пропишува задолжително потпишување договор до одреден број часови на волонтирање, тој предвидува право волонтерите (и со тоа обврска на организаторот) да бидат информирани во писмена форма, односно да бидат известени за правата и обврските и за други услови поврзани со волонтирањето, и тоа пред да започне со волонтирањето.**
**Дефинирањето на правата на волонтерот за двете страни однапред ќе придонесе за намалување и отстранување на можните несогласувања кои би можеле да настанат во текот на волонтирањето. Доколку претходно се дефинирани неговите права, одлуката за волонтирање е многу јасна и таа не треба да создава одредени проблеми и нејаснотии во текот на волонтирањето.**

## КОИ СЕ **ПРАВАТА НА ВОЛОНТЕРОТ?**

Правата на волонтерите се дефинирани со членот 10, според кој волонтерот има право:

- во писмена форма да го добие описот на правата и обврските кои треба да ги исполни и да биде запознаен со условите и опасностите поврзани за време на волонтирањето, пред започнување на волонтирањето;
- да биде запознаен со општите акти на организаторот на услугите, односно на оние делови кои се однесуваат на волонтерските услуги, за кои е ангажиран;
- да користи средства за заштита при работа согласно прописите за заштита при работа;
- на обука, доколку истата е потребна за обезбедување на услугата која е предмет на договорот;
- на отсуство за време на волонтирањето, ако за тоа постојат оправдани причини;
- на дневен одмор;
- да се консултира и да биде информиран при одлучување за начинот на давање на услугите;
- на надомест на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството (трошоци за храна, трошоци за превоз до и од местото на волонтирање, трошоци за службени патувања и трошоци за обука); и
- на заштита на приватноста и личните податоци.

Волонтер - странско физичко лице, покрај правата од ставот 1 на овој член, има право и на трошоци за престој, здравствено осигурување и повратни патни трошоци (став 3 член 10).

Иако волонтирањето е на доброволна основа, секој волонтер пред започнување со волонтирањето треба да биде запознаен со своите права за време на волонтирањето.

*Законот дава можност, односно предвидува на волонтерот да му се надоместат одредени трошоци кои настанале во текот на давањето на волонтерските услуги, и тоа трошоците во врска со храна, превозот до*

*и од местото на волонтирање, трошоците за службени патувања и трошоците за обука, под услов претходно да има договор за овие или дел од овие трошоци. Законот остава простор волонтерот и организаторот сами да решат дали ќе бидат покриени некои од гореспоменатите трошоци. Но, за тоа мора однапред да се договорат и доколку се договорат трошоците да бидат покриени, тогаш организаторот мора да ги покрие истите (член 13).*

*Што се однесува до висината на трошоците кои може да се надоместуваат, таа може да биде до износот која се исплатува како на вработените кај организаторот. Исто така, овие трошоци, доколку се утврдени во договорот за волонтирање и се направени за време на давањето на услугите, истите се ослободени од персоналниот данок на доход согласно член 1 од Законот за изменување и дополнување на членот 6 од Законот за персонален данок на доход („Сл. весник на РМ" бр. 160/2007). Доколку трошоците не се утврдени во договорот, истите не подлежат на даночни ослободувања, согласно наведената законска одредба.*

Со склучување на договорот за волонтирање не се губат правата по основ на невработеност, согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност (член 18).

Ова значи дека лице кое волонтира и е невработено, а кое претходно се стекнало со одредени права и ги остварува истите по основа на невработеност (здравствено осигурување по основа на невработеност, паричен надомест, придонес за пензиско и инвалидско осигурување) во исто време може да волонтира, а и да ги користи стекнатите права по основа на невработеност. Значи, ова лице и за време на волонтирањето може да го задржи статусот на невработено лице и не ги губи стекнатите права.



## КОИ СЕ **ОБВРСКИТЕ НА ВОЛОНТЕРОТ?**

Покрај правата, волонтерот има и обврски кои се дефинирани со членот 11, и тоа да:

- го извести организаторот на волонтерството за болеста или за други причини за неможноста за давање на услугите;
- дава услуга согласно со закон, со договорот за волонтерство и со општите акти на организаторот на волонтерството со кои е запознаен претходно;
- дава услуга лично и непосредно;
- учествува во обука, со цел да се обезбеди квалитетот на давањето на услугата;
- ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации на организаторот на волонтерската работа, со кои е запознаен пред давањето на услугата; и
- го извести организаторот на волонтерската работа за штетните последици за кои е запознаен коишто можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.

## КОИ СЕ **ОБВРСКИТЕ** НА **ОРГАНИЗАТОРОТ** НА **ВОЛОНТЕРСКАТА АКТИВНОСТ?**

Организаторот на волонтерската работа, согласно членот 13, е должен да:

- обезбеди услови за вршење на волонтерската работа согласно Законот и договорот за волонтерска работа;
- му издаде на волонтерот волонтерска книшка за волонтерската работа и во истата да ги наведе податоците пропишани со овој закон;
- обезбеди материјали и средства за вршење на волонтерската работа;
- обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци;

**Со членот 6 од Законот за измените и дополнувањата на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 153/2007), се предвидува, како и за другите лица, и волонтерот да може да се стекне со право на инвалидска пензија и телесно оштетување за повреда која настанала за време на волонтирањето. И ова право волонтерот може да го оствари ако претходно така се договориле страните и тоа претставува еден од елементите на договорот. Во→**

- обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
- обезбеди други услови пропишани со овој закон или за кои меѓусебно се договориле тие; и
- обезбеди осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на волонтирањето, согласно прописите за пензиското и инвалидското осигурување и прописите за здравственото осигурување, доколку е договорено така.

**овој случај, организаторот на волонтирањето за тој период треба да плаќа придонес за инвалидско осигурување во случај на повреда за време на волонтирањето во износ од 4 % од просечната месечна нето-плата во државата исплатена за претходниот месец. Пр., износот кој треба да го плати работодавачот за месец декември 2007 година изнесува 613 денари (просечната месечна нето-плата по работник во државата за месец ноември според податоците на Државниот завод за статистика изнесува 15.320 денари X 4 %=612 денари).**

**Законот дава можност волонтерот да се стекне и со право на осигурување од професионални болести согласно прописите за здравствена заштита, доколку така се договорат страните, но во исто време организаторот на волонтерската активност треба да плаќа придонес за професионално заболување во износ од 0,5 % на основицата која се применува за придонесот на здравствено осигурување. Пр., за месец декември 2008 година износот би изнесувал 38 денари (15.320 X 50 % = 7660 денари најниска основица за придонес за здравствено осигурување; 7660 X 0,5 % = 38 денари).**

**Наведените износи се променливи и зависат од износот на просечната месечна нето-плата по вработен во државата.**



## **ДОГОВОР** ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

Договорот за волонтирање, согласно член 14 од Законот, е задолжителна обврска за:

- волонтирање кое трае повеќе од 40 часа во текот на месецот; и
- сите странски волонтери, без оглед на времетраењето на волонтирањето.

Законот дава можност договор за волонтирање со домашни физички лица да се склучува и во случаите кога волонтирањето трае помалку од 40 часа во текот на месецот. Договорот го склучува организаторот на волонтерската активност и волонтерот. Договор за волонтирање со малолетно физичко лице може да се склучи само со писмена согласност на неговите родители или старатели.

Договорот за волонтирање треба да ги содржи следниве елементи:

1. Договорни страни:
   - организатор на волонтерската работа (назив и седиште);
   - волонтер (име и презиме, адреса на живеалиштето, односно на престојувалиштето);
2. Предмет на договорот;
3. Место на волонтирањето и времетраење на волонтирањето, а доколку не постои постојано место, тогаш се наведуваат само местата каде што се даваат услугите;
4. Волонтерски активности или услуги кои се обезбедуваат;
5. Посебни права и обврски;
6. Начин на осигурување за време на волонтирањето при доаѓање и враќање до местото на волонтирањето и другите активности предвидени за време на волонтирањето;
7. Однапред договорени трошоците за волонтирањето и начинот на надомест на истите;
8. Начин на престанок и раскинување на договорот за волонтирање; и
9. Датум и место на склучување на договорот.



*Односот помеѓу волонтерите и организаторите се регулира со договор за волонтерство. Со потпишување договор за волонтерство и дефинирање на неговата содржина се прави јасна разлика помеѓу работен однос и волонтерска активност. Во договорот за волонтирање исто така битно е да се наведат и трошоците за волонтирање, за кои се однапред договорени страните за да може да подлежат на даночните олеснувања предвидени во членот 1 од Законот за изменување и дополнување на членот 6 од Законот за персонален данок на доход („Сл. весник на РМ" бр. 160/2007).*

*Законот содржи и прекршочни одредби и доколку истите не се почитуваат, организаторот или волонтерот треба да платат определен износ за сторениот прекршок (членови 22, 23 и 24). Пр., доколку во договорот за волонтирање е предвидено за време на волонтирањето на волонтерот да му се надоместуваат патните трошоци, а организаторот не се придржува кон истите, односно не изврши навремена исплата, во тој случај казната, согласно Законот, се движи од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност. Во ваков случај волонтерот може да го раскине договорот за волонтирање.*

## **ЕВИДЕНЦИЈА** НА ВОЛОНТИРАЊЕТО

Организаторот на волонтерската активност должен е да води евиденција за волонтирањето за сите волонтери (член 19, став 1 од Законот). Начинот на водење на евиденцијата е пропишан со посебен правилник со кој се предвидува во евиденцијата која ја води организаторот задолжително да се внесуваат следните податоци:

- реден број;
- личните податоци на волонтерот (име и презиме, матичен број, место на живеење, односно место на престојувалиште);
- број на договорот склучен со домашно физичко лице;
- број на договорот склучен со странско физичко лице;
- писмен документ потпишан од двете страни во кој се утврдени правата и обврските на волонтерот и организаторот на волонтерската работа за волонтерите за кои не е склучен писмен договор;
- времетраење на волонтирањето;
- времетраење на волонтерските часови во текот на месецот;
- вид и времетраење на обуката која ја имал волонтерот за време на волонтирањето; и
- потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување и печат.

Водењето на евиденцијата е од посебно значење и за волонтерот и за организаторот и истата треба да служи као извор на податоци кои се внесуваат во волонтерската книшка.

## ВОЛОНТЕРСКА **КНИШКА**

Формата и содржината на волонтерската книшка, согласно Законот, ја пропишува министерот за труд и социјална политика со Правилникот за формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците („Службен весник на РМ" бр. 128/2007). Истата е отпечатена и секој волонтер може да ја обезбеди од Министерството за труд и социјална политика, односно подрачните служби на Министерството за труд и социјална политика. Податоците во волонтерската книшка се впишуваат од организаторот на волонтерската ак-

## ВОЛОНТЕРСКА КНИШКА........

**Законот не содржи одредби со кои се упатува на ретроактивна важност на истиот, односно издавање волонтерски книшки пред донесување на Законот. Поради ова, се смета дека тој не треба да важи ретроактивно, односно да се издаваат волонтерски книшки за волонтерска активност за период во кој не постоело законско уредување на ова прашање. Податоците кои треба да се внесуваат во волонтерската книшка се врз основа на евиденција која треба да ја води ораганизаторот на волонтерката активност. По донесувањето на Законот, пропишан е и начинот на водење на евиденцијата со Правилникот за начинот на водење на евиденцијата на волонтирањето („Сл. весник на РМ„ бр. 128/07). По донесување на Законот и на Правилникот, организаторот има обврска да води евиденција со точно утврдени податоци кои потоа треба да ги запише во волонтерската книшка. Пред донесувањето на Законот и на Правилникот, организаторот немал обврска за водење евиденција и не може со сигурност да се смета дека се внесени точни податоци.**

**При пријавувањето на волонтерот за вработување истиот може да ја приложи и волонтерската книшка, од која работодавачот може да добие информации за волонтерот за стекнатите знаења, вештини, обуки и сл.. Законот не содржи одредби со кои е предвидено волонтерското искуство да се смета како работно искуство. Што треба да се смета за работно искуство,** →

тивност врз основа на евиденцијата која ја води тој.

*Книшката содржи 20 страници и на секоја страница точно се наведени податоците кои треба да се впишат (член 3 од Правилникот). Генералните податоци за волонтерот е предвидено да се впишуваат на третата страница, и тоа: име и презиме; матичен број на лицето; ден месец и година на раѓање на лицето; место, општина и држава на раѓање; адреса и место на живеење; државјанство и потпис на волонтерот.*

*Податоците за волонтирањето треба да се впишуваат во рубриките од четвртата до седумнаесеттата страница, и тоа: назив и седиште на организаторот; вид на активноста на волонтерот; вид на обуката; времетраење на волонтирањето, како и печат и потпис.*

*Доколку одредени податоци се битни, а за тоа не е предвидено место за впишување согласно пропишаните рубрики, истите може да се впишат на страницата 18 од волонтерската книшка.*

*Сите податоци кои се запишуваат во волонтерската книшка треба да се запишуваат со мастило и печатни букви (член 5 од Правилникот). Со членот 5 од Правилникот се дава можност доколку се направи грешка при внесување на податоците, истите да се прецртаат.*

## **ОДГОВОРНОСТ**
## ВО СЛУЧАЈ НА **ШТЕТА**

Законот предвидува и надомест на штета од страна на волонтерот на организаторот на волонтерската активност, или на трети лица, доколку истата се направи намерно или од крајно невнимание, како и надомест на штета од страна на организаторот на волонтерската активност на волонтерот. Притоа, Законот не го пропишува начинот на надомест на штетата, туку упатува на Законот за облигациски односи (член 12 од Законот).

## ВОЛОНТЕРСКА КНИШКА.....

**е предмет и содржина на законските прописи или акти на конкретните дејности. Работното искуство е обврска која произлегува од Законот за работните односи и истите се различни од волонтерските обврски и затоа треба да постои разлика помеѓу нив. Сепак, секој работодавец е слободен сам да оцени дали и колку ќе го земе предвид волонтерското искуство како фактор во процесот на вработувањето.**

## КОРИСНИ КОНТАКТИ:

Во Република Македонија постојат неколку волонтерски центри и волонтерски инфоточки каде може да јавите доколку сте заинтересирани да волонтирате и имате прашања околу можностите за волонтирање и за вашите права. Некои од нив се наведени подолу во оваа публикација, но постојат многу други здруженија и фондации, како и јавни установи кои во своите активности ги вклучуваат и волонтерите каде можете да се јавите.

### ВОЛОНТЕРСКИ ЦЕНТАР НА МАКЕДОНИЈА

#### Младински културен центар - Битола

ул. „Цар Самуил“ 29 Битола 7000
Македонија
тел.: 047/233-020
факс: 047/203-925
**e-mail: mkcbt@mt.net.mk**
**web: www.mkcbt.org.mk**

### ВОЛОНТЕРСКИ ИНФОТОЧКИ

#### Младински совет - Охрид

бул. „Туристичка“ ЈП Комуналец
Охрид 6000 Македонија
тел.: 046/252-925
**e-mail: mladinskisovet_oh@yahoo.com**
**web: www.mso.org.mk**

#### СППМД - Кавадарци

ул. „Браќа Хаџи Тефови“ 28
Кавадарци 1430 Македонија
тел.: 043/412-947
факс: 043/410-408
**e-mail: vavilon@sppmd.org.mk**
**web: www.sppmd.org.mk**

**Толерантна младина - Дебар**
ул. „8 Септември“ б.б.
Дебар 1250 Македонија
тел.: 046/835-132
факс: 046/835-106
**e-mail: rinitolerante@hotmail.com**

**Младинска алијанса - Тетово**
ул. „Радован Цониќ“ 6
Тетово 1200 Македонија
тел.: 044/338-884
факс: 044/332-877
**e-mail: mladinskaalijansa@yahoo.com**

**Младински едукативен центар - Делчево**
ул. „М. М. Брицо“ 17
Делчево 2320 Македонија
тел.: 033/413-355
**e-mail: mec.delcevo@gmail.com**

Доколку ви се потребни повеќе информации околу спроведувањето на Законот, можете да се обратите до:

**Центарот за институционален развој (ЦИРа)**
ул. „Диме Аницин“ 9
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/3114-855
факс: 02/3214-132
**e-mail: cira@cira.org.mk**
**www.cira.org.mk**



ECNL

CIRa • ЦИРа

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

INSTITUTE FOR
Sustainable
Communities